**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 15.04.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2244 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 февруари 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 април 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);

   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);

   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 февруари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 2 февруари 2019 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во

подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Имено, спротивно на точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во дел од прилозите во информативните програми „Вести", не се објавени податоците за импресумот - име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (снимател, монтажер и сл).

**02.02.2019**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Вести | 07:00:31 | 07:16:07 | Во информативната програма "Вести', не се целосно објавени податоците за импресумот во дел од прилозите. |
| | 07:16:24 | 07:29:11 | |
| | 21:59:54 | 22:14:04 | |
| | 22:14:48 | 22:33:33 | |

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во емисиите „NË FOKUS" и „Edhe unë jamë ketu", ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

**2.02.2019**

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „NË FOKUS" | 13:33:11 | 14:24:39 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот – за авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата. |
| „Edhe unë jamë këtu" / И јас сум тука (Ретро) | 19:10:04 | 19:22:16 | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, во дел од емитуваните програми на 2 февруари 2019 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 14 од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***